# Заедно во Лидл

Како интернационална малопродажна компанија, свесни сме за нашата **одговорност** кон **нашите вработени, нашите купувачи, нашите бизнис партнери,** како и кон **општеството во целост**. Се водиме од нашиот корпоративен принцип на „Усогласеност и почитување на соодветните закони и интерни принципи“ во **почитувањето на човековите права**. Дополнително, ние сме членки на разни иницијативи за афирмација на диверзитет и родова еднаквост на работното место, како што се Diversity Charter и UN Women's Empowerment Principles.

Се залагаме за **фер** и **отворена** корпоративна средина која се заснова на доверба, а луѓето се во центарот на нашите активности. Со ова се доближуваме до нашата визија да бидеме **број 1 работодавач**.

## ШТО ЗНАЧИ „ЗАЕДНО ВО ЛИДЛ“ ЗА НАС?

- Се залагаме за **еднаков третман**. Ова значи дека не толерираме нееднаквост во однос на родот, етничката припадност, потеклото, јазикот, религиозните верувања, политички или други ставови, национална или општествена припадност, припадност во малцински групи, општествен статус, здравствен статус, инвалидитет, возраст, сексуална ориентација или било каков друг статус.
- **Не прифаќаме** однесување кое инволвира **физичко или психичко насилство**, особено принудување, (сексуално) вознемирување, булинг и говор на омраза.
- Практикуваме и бараме **еднаков третман во целиот синџир на вредности** – од нашите бизнис партнери и од нашите вработени, па сè до нашите купувачи.
- **Вреднуваме дивезитет** на нашите вработени и се залагаме за работна средина во која секој поединец се чувствува добредојдено и почитувано.

## КАКО ГО НЕГУВАМЕ ОВА ЗАЕДНИШТВО?

- Со имплементација на **транспарентни** и **фер корпоративни прописи и процеси** со цел поттикнување на духот на заедништвото.
- Ја **подигнуваме свеста на вработените** за различните облици на нееднаков третман, булинг, сексуално вознемирување преку нашите корпоративни вредности и принципи, нашите лидерски принципи и нашиот Кодекс однесување и усогласеност.
- Доколку се случи нееднаков третман или психичко/физичко насилство или има ризик за истото да се случи, им нудиме, како на вработените, така и на третите страни можност за пријава на потенцијалните прекршувања преку нашите **доверливи канали за дојава**.
- Со цел да се запази **политиката за нулта толеранција**, Лидл ги прегледува сите пријави за нееднаков третман или психичко/физичко насилство.
- Дополнително, **Лицето од доверба** е тука за поддршка на вработените како неутрално лице во тешки ситуации, како професионални, така и лични.

Сите сме одговорни за градење фер и отворен корпоративен дух заснован на доверба и без никакви бариери.

Ние сме Лидл.

**БОРДОТ НА ДИРЕКТОРИ**

